Арх.бр. 04-2110/7

Дата 27.11.2025год.

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за високото образование („Сл. весник на РСМ" бр. 82/2018 и 178/2021), член 6 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РСМ" бр. 27/14, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019 и 14/2020), член 28-а од Законот за работните односи („Службен весник на РСМ" 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018, 110/2019, 267/2020, 151/2021 и 288/2021), Колективен договор на Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје („Сл. весник на РСМ" бр. 287/2022), член 62 од Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје (Унив. Гласник 433/2019 година), Правилникот за систематизација на работните места на Факултет за информатички науки и икомпјутерско инженерство Скопје во склоп на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Ун.гласник бр.669 од 29.12.2023год.) и Известување за финансиска согласност бр. 14-7437/3 од 19.11.2025год. (наш број 03-2094/1-2 од 19.11.2025 година) од Министерство за образование и наука на РСМ, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје донесува

## **О Д Л У К А**
## **за унапредување на 3 (три) лица вработени во стручната и административната служба**

1. По Интерен оглас бр. 2/2025 арх. бр. 04-2110/1 од 21.11.2025 година, објавен истиот ден на огласната табла на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје, се избираат следните кандидати:

   За работно место Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење ОБН 01 02 БО4 011, се избира

   **Пепица Амбаркова**

   За работно место Раководител на Одделението за ИКТ ОБН 01 02 БО4 009, се избира

   **Кирил Ќироски**

   За работно место Виш соработник за деловно работење ОБН 01 02 В02 014, се избира

   **Јасна Божинова**

2. Изборот на кандидатите од став (1) на оваа Одлука е извршен врз основа на Извештајот од Комисијата за селекција број 04-2110/6 од 27.11.2025 година.

3. Именуваните кандидатите од став (1) ќе биде унапредени на работните места по конечноста на оваа Одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесување на истата и се објавува на огласната табла на на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство -Скопје.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на одобрениот годишен план за вработувања и унапредувања од страна на Министерството за образование и наука и Министерство за јавна администрација и добиено Известување за финансиска согласност 14-7437/3 од 19.11.2025год. (наш број 03-2094/1-2 од 19.11.2025 година), работодавачот, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство -Скопје, објави интерен оглас за унапредување на 3 (три) лица во стручната и административна служба на работни места: Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење ОБН 01 02 БО4 011, Раководител на Одделението за ИКТ ОБН 01 02 БО4 009 и Виш соработник за деловно работење ОБН 01 02 В02 014. Интерниот оглас бр. 2/2025 бр. 04-2110/1 од 21.11.2025 година е објавен истиот ден на огласната табла на работодавачот.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување, Комисијата за селекција на кандидати, формирана со одлука заведена под арх.бр. 04-2110/5 од 27.11.2025 година, ги спроведе сите фази на селекција дефинирани во Одлуката за формирање на комисија.

По завршување на процесот на селекција, Комисијата подготви Извештај за извршена селекција број 04-2110/6 од 27.11.2025 год., во кој подготви ранг листа и даде предлог до овластеното лице на работодавачот за унапредување на 3 (три) лица вработени во административната служба.

Врз основа на Извештајот од извршена селекција, овластеното лице на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство -Скопје, донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, именуваните од точка 1 на оваа одлука ќе бидат унапредени на работните места.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволните кандидати, своето право може да го остварат согласно член 181 од Законот за работните односи.

**Декан**

**Вон. проф. Д-р Петре Ламески**

Доставено до:
Архива
Комисија за селекција
Пријавени кандидати на интерен оглас